Macedonian | Македонски

BreastScreen Victoria

# За вашата посета за процена

## Овој документ содржи информаци што ќе се случи кога ќе бидете повикани повторно да дојдете во  BreastScreen Victoria заради дополнителни тестови.

### Зошто се бара повторно да дојдам заради дополнителни тестови?

Ве повикавме да дојдете повторно во BreastScreen Victoria заради повеќе тестови бидејќи на вашата снимка на дојките (мамограм)  има предел што треба дополнително да се испита. Тоа го викаме процена (assessment). Мнозинството пациентки повикани да дојдат повторно во  BreastScreen Victoria немаат рак на дојка.

### Колку ќе чинат дополнителните тестови?

Во  BreastScreen Victoria, сите дополнителни тестови се бесплатни.

### Со кого може да разговарам пред мојот закажан преглед?

Пред вашиот закажан преглед може да разговарате со обучена медицинска сестра-советник. Ве молиме јавете се директно во вашата клиника за процена; во сите писма за процена го наведуваме соодветниот телефонски број.

### Што ќе се случува на мојот преглед?

Кога ќе дојдете во клиниката за процена, ќе се сретнете со медицинска сестра-советник која ќе ви објасни што ќе се случи. Ќе биде побарано да прочитате и потпишете образец за согласност (consent form), за тимот за процена да може да ги направи потребните тестови. Медицинската сестра-советник ќе одговори на сите прашања што можеби го имате за образецот за согласност и за процесот на проценување. Потоа тим на специјалисти ќе го прегледа делот од вашата дојка за кој е потребно испитување.

Тимот за процена ќе ве поддржува во текот на вашата посета.

### Колку ќе трае мојот преглед?

Ве молиме одвојте половина ден за вашиот преглед во клиниката за процена. Можеме да дадеме потврда за присуство (attendance certificate) за вашата работна организација.

### Кои тестови треба да ги направам?

Ќе треба да направите неколку или сите од следниве тестови:

- **3Д мамограми** – Во нашите клиники за процена користиме напреден вид на мамографија, за да добиеме подетална слика на делот од дојката кој треба да се испита. Тоа се вика 3Д мамографија или томосинтеза. Со 3Д мамографија се прават повеќе рендгенски снимки (обично 11-25) од различни агли, кои потоа се составуваат за да се добие слика во три димензии.
- **Ултразвук на дојка** – Може да користиме ултразвук за подетално да го видиме ткивото на вашите дојки. За да снимаме со ултразвук, ставаме гел на дојката и со сонда преминуваме преку вашата кожа. Прегледот со ултразвук не би требало да предизвикува болка или непријатност.
- **Преглед на дојка** – Доктор може да провери дали има промени на дојката кои може да ги види или почувствува.
- **Јадрена иглена биопсија на дојка** – Доктор може со игла да земе мал примерок од клетки или ткиво од дојката што треба дополнително да се испита. Доколку ви биде потребна биопсија, ќе добиете повеќе информации во текот на прегледот.

Ако нешто ве загрижува, ве молиме разговарајте со вашиот тим за процена.

### Што може да избирам?

Можете да ја повлечете вашата согласност и да побарате тестовите да прекинат во секое време.

### Кога ќе ги добијам резултатите?

Во повеќето случаи ќе можеме да ви ги дадеме резултатите на денот на посетата за процена. Меѓутоа, на резултати на биопсијата може да се чека до една недела. Копија на вашите резултати ќе испратиме и на вашиот доктор.



Свртете ја страницата →

## Што се случува натаму?

Ако на денот на вашата посета за процена не најдеме знаци на рак на дојка, ќе ве поканиме да дојдете  по две години за да направите редовен скрининг на дојките.

## Што ако се открие рак на дојка?

После дополнителните тестови, дијагноза на рак на дојка поставуваме кај мал број пациенти.

Ако најдеме рак на дојка за време на вашата процена, ќе организираме да се сретнете со доктор и со медицинска сестра-советник заради разговор за наодот и за следните чекори. Потоа ќе ве упатиме назад кај вашиот редовен доктор кој ќе ви организира понатамошна нега.

Повеќето случаи на рак на дојка откриени за време на скрининг на дојките сè уште се во рана фаза. Што порано се открие ракот, толку е поголема веројатноста за успешно лекување.

За повеќе информации, посетете breastscreen.org.au

# Закажете на **breastscreen.org.au** или јавете се на **13 20 50**

**TTY 13 36 77** ако имате тешкотии со слухот или говорот

За повеќе информации или за промена на вашиот податоци, посетете **breastscreen.org.au** или јавете се на **13 20 50**

За помош од преведувач, јавете се на **13 14 50**

Преведени информации: **breastscreen.org.au/translations**

BreastScreen Victoria ја признава поддршката од викторискатa влада.



© 2023 BreastScreen Victoria. Сите права задржани

**Април 2023** FS9/0423